**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-264/8**

**Скопје, 31.05.2006 година**

**До**
**Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„– Охрид**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид (во понатамошниот текст Специјална болница) за 2005 година кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Специјална болница за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Д-р Никола Размоски - В.Д. Директор на Специјална болница од 07.05.2003 година до 28.12.2005 година и
   - Д-р Владимир Стрезоски - В.Д. Директор на Специјална болница од 28.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 01.03.2006 до 31.03.2006 година и од 05.04.2006 до 07.04.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Владимир Милојевиќ - Помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Цвета Ристовска - Самостоен ревизор,
   - Татјана Димитровска - Ревизор и
   - Зоран Богоевски - Помлад ревизор.
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

- дали се законски засновани побарувањата и обврските

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 25.05.2006 година, добиени се забелешки на точка 10.1.1 од претходниот извештај заведени под број 03-379. Истата делумно се прифаќа и тоа во делот на препораката бидејќи договорот со Фондот за здравствено осигурување на Македонија е склучен во 2006 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот за 2005 година, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Нерегулираните односи помеѓу Специјална болница и Фондот придонесуваат наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за реалните потреби за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги од страна на Специјална болница.

Од страна на Фондот доставено е Известување за склучување на Договор за обезбедување и начин на плаќање на здравствените услуги за 2005 година број 10-9015/1 од 03.12.2004 година, со прилог на барани податоци, врз основа на кои Фондот се обврзал за дополнително известување за датата на склучување на Договор. Специјалната болница извршила Достава на податоци број 01-1128/3,4 од 31.12.2004 година со прилози за баранатите податоци заради склучување Договор. До завршувањето на годината не е добиен одговор и од страна на Фондот не е превземена иницијатива за склучување на Договор.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по оваа точка бидејќи е склучи договор помеѓу Специјалната болница и Фондот во мај 2006 година.

11.1.2. Специјалната болница нема извршено усогласување на постојните акти: Статутот, Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места и останатите интерни акти со Законот за здравствена заштита, спротивно на одредбите од истиот. Поради неусогласеност со законската регулатива, Специјалната болница своето работење го спроведува по законски одредби кои не се на сила.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и на 39-та седница на Управен одбор на ден 28.03.2006 година усвоен е новиот Статут на Јавната здравствена установа Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ Охрид и истиот е доставен до Министерство за здравство заради добивање согласност, како и отпочната е постапка за донесување Измени и дополнувања на постојниот Правилник за организација на работа и систематизација на работните места, усогласен со постојната законска регулатива.

11.1.3. Специјалната болница нема обезбедено имотни (поседовни) листови за поголемиот дел од правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истите се необезбедени, иако е поднесено Барање од страна на Специјалната болница за упис во катарските книги број 03-310 од 30.03.1998 година и број 03-154 од 11.02.2005 година до Републичката геодетска управа, Одделение за премер и катастар Охрид, што придонесува Специјалната болница за евидентираните материјални средства да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да се продолжи со иницијативата за запишувањето на недвижностите и истата да се изврши по службена должност согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со што запишувањето ќе биде ослободено од надоместок.

11.1.4. Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на Фондот. Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Специјалната болница може да ги набави во тековната година. Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови, на Специјалната болница и се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и поднесено е Барање до Фондот за доставување на Преглед за количините на лекови и медицински материјали кои Специјалната болница може да ги набави во тековната година преку Фондот за 2006 година број 05-258 од 23.03.2006 година. До завршувањето на ревизијата не е добиен бараниот Преглед од страна на Фондот.

### 11.2. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Специјалната болница на целокупниот остварениот вишок на приходи над расходи во износ од 4.165 илјади денари, пресметала и уплатила данок на добивка во износ од 564 илјада денари, спротивно на член 47 од Законот за данок на добивка (пречистен текст). Поради воспоставениот начин на пресметка на данокот на добивка неосновано е извршен одлив на средства од сметка на Специјалната болница во корист на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и Специјаланта болница се обрати до Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македанија и Министерството за финансии со писмо број 05-294 од 06.04.2006 година и побара автентично толкување на член 47 од Законот за данок на добивка за тоа дали Специјалната болница за делот од приходите кои ги остварува од активностите што се однесуваат на извршување на здравствени услуги на лица кои немаат статус на осигурени лица и за приходи по други основи, за кои со финансискиот план имаат строго утврдена намена, треба да биде даночен обврзник на данок на добивка.
Врз основа на дополнително добивање на одговор од надлежните институции, да се превземат понатамошни мерки за регулирање на обврските и барање поврат на повеќе уплатените средства на данокот на добивка.

### *11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:*

11.3.1. Евидентирањето на финансиските трансакции во минати години не е вршено со примена на сметководственото начело на парично искажување, поради што ревизијата констатираше неусогласеност помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 6.922 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на законската регулатива и неизвршеното усогласување на сметките при промена на истите придонесува нереално и необјективно прикажани билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2005 година согласно начелото на парично искажување.

### 11.4. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки.
  Во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки од страна на Специјалната болница и поднесено е Барање за склучување договор за групна набавка на лекови и медицински материјали број 05-294/2 од 06.04.2006 година до Фондот за здравствено осигурување на Македонија. До завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Фондот.
- Извршени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 3.577 илјади денари (Прилог број 1).
- Вршени се набавки од мала вредност по спроведена постапка во износ од 5.482 илјади денари согласно Одлука за уредување на начинот и постапката за набавка од мала вредност број 02-396/3 од 07.05.2004 година, во која не се дефинирани видовите и групи на стоки, услуги и работи за кои може во текот на годината да се врши набавка од мала вредност, спротивно на член 72 точка 2 од Законот за јавни набавки (Прилог број 2).
  Во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и покрената е постапка за измена и дополна на Одлуката за уредување на начинот и постапката за набавка од мала вредност.
- Должничко-доверителните односи продолжуваат по склучени договори од минати години за одржување на комјутерска опрема, апликативен софтвер и веб презентација во износ од 636 илјади денари, спротивно на член 10 и член 11 од Законот за јавни набавки.
  Во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и покрената е постапка за јавна набавка за одржување на комјутерска опрема, апликативен софтвер и веб презентација.

Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за грешки, измами, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. поред наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. до 11.4, кај Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ – Охрид остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2 и 11.4 побарувањата и обврските со состојба на 31 декември 2005 година, се законски засновани согласно законската регулатива што важи во Република Македонија.
15. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Специјалната болница во текот на ревизијата:**

**15.1. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:***

- Изворите на капитални средства и Постојаните средства се искажани во помал износ за 121.292 илјади денари поради:
  - Не е извршено усогласување на земјиштето со пазарната вредност, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот и пазарните услови што важат на денот на продавање во износ од 121.121 илјади денари;
  - неевидентирана набавка на лиценциран софтвер во износ од 110 илјади денари и комјутерска опрема во износ од 61 илјади денари;
- Во помал износ се искажани Активните временски разграничувања за износ од 338 илјади денари, Обврски спрема добавувачи-граѓани за износ од 288 илјади денари и Обврски за даноци и придонеси по договори за дело и авторско право за износ од 51 илјади денари, поради неевидентирана обврска по склучени договори за дело за месец декември 2005 година;
- Непокриените трошоци од поранешни години се искажани во поголем износ за 4.422 илјади денари, Изворите на капитални средства во поголем износ за 2.585 илјади денари и Пасивните временски разграничувања во поголем износ за 1.837 илјади денари поради:
  - неправилна сметководствена евиденција на отпис на побарувања од купувачи и обврски кон добавувачи во износ од 296 илјади денари,
  - неправилна сметководствена евиденција на отпис на побарувања од Фондот за здравствено осигурување на Македонија по книжно известување за 2004 година, во износ од 283 илјади денари,
  - неправилна сметководствена евиденција на отпис на побарувања по попис за 2004 година, во износ од 2.599 илјади денари,
  - набавени медицински материјали во текот на 2005 година, по даден утужен аванс на добавувачи во земјата во износ од 2.120 илјади денари,
  - Изворите на капитални средства и Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства се искажани во поголем износ за 23 илјади денари поради неусогласена состојба на вредноста на хартиите од вредност со известувањето од Централниот депозитар за хартии од вредност. Исто така Државниот - јавен капитал е искажан во поголем износ за 223 илјади денари, а во помал износ Останатиот капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност).

16. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата и обврските на Специјалната болница и тоа:
  - за утужени побарувања од правни и физички лица за извршени здравствени услуги во износ од 196 илјади денари и судски постапки во кои тужена страна е Специјалната болница по основ на обврски кон добавувачи на набавка на лекови и медицински материјали во износ од 992 илјади денари, две постапки за работни спорови во вредност од 37 илјади денари и две прекршочни постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот,
  - во текот на 2002 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија извршил плаќање на авансни фактури на АД Медицинска пластика за сметка на Специјалната болница, во износ 22.881 илјади денари, за што Специјалната болница добила од Фондот книжни известувања и истите ги евидентирала како дадени аванси на добавувачи во земјата.

    Бидејќи за наведениот износ Специјалната болница немала добиено стока, на ден 25.02.2003 година поднела тужба против АД Медицинска пластика Тетово пред Основниот суд Тетово по основ на долг во вредност од 22.881 илјади

денари. Со пресуда на Основниот суд Тетово ПС.бр.27/03 од 13.12.2004 година одбиено е тужбеното барање на тужителот-Специјална болница како неосновано. Вложена е жалба на пресудата од страна на тужителот, која Апелациониот суд Скопје со Решение ССЖ.бр.1264/05 од ден 14.09.2005 година ја уважил, пресудата на Основниот суд во Тетово ја укинал и предметот го вратил пред првостепениот суд на повторно судење. Постапката е во тек.

17. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 14,29% и истите не се усогласени со евиденцијата на Специјалната болница. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 53,13% од кои 76,47% се усогласени, додека 23,53% не се усогласени со евиденцијата на Специјалната болница.

18. Специјалната болница во текот на 2005 година има склучено од 35 до 39 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. На барање на Министерство за здравство, а врз основа на Заклучокот од седницата на Владата на Република Македонија одржана на 29.12.2003 година за подготвување на листа на слободни работни места во јавните здравствени установи, доставена е информација со писмо број 04-42/2 од 05.02.2004 година за потреба од 29 нови вработувања на испразнети работни места, за кои во текот на 2004 година е добиена согласност од Министерство за финансии за 5 нови вработувања.
На барање на Министерството за здравство број 10300/1 од 04.10.2005 година, доставена е Достава на податоци и барање за вработување број 03-671/2 од 20.10.2005 година, со која Специјалната болница констатирала потреба од нови вработувања за вкупно 45 работни места, за кои во текот на 2005 година е добиена согласност од Министерство за финансии за само 8 нови вработувања.
Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување. Во наведените договри за дело, извршителите на работните задачи се обврзани да достават писмен доказ, издаден од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, дека здравствено се осигурал.

19. Со Договор за градење број 01-1625 од 07.07.1988 година отпочната е изградба на амбулантно-оперативен блок во Институтот за ортопедија и трауматологија во Охрид, со површина од 1.860,70м2 како објект за здравствена заштита, со етапно фазна изградба: 1 фаза - градежен дел, 2 фаза - занаетчиски работи, 3 фаза - набавка на опрема. Поради недостаток на финансиски средства градбата на започнатата инвестиција е стопирана, со последната ситуација добиена од изведувачот на ден 06.12.1990 година. Специјалната болница во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија да превземат иницијатива до надлежните институции за завршување на започнатите инвестиционо-градежни работи, со кои би се обезбедиле финансиски средства за доврглување на објектот со цел обезбедување повисок стандард на здравствена заштита на осигурениците.

20. Во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор на Министерството за здравство, изработена е Стратегија за развој на Македонскиот интегриран здравствен информатички систем, во која од

спроведената анализа на веќе постојните решенија на информатичката и комуникациска технологија во Македонскиот здравствен систем како и на постојните интегрирани болнички системи, општ заклучок е недостаток и непостоење на истите. Од оваа состојба исклучок е Специјалната болница, во која со веќе постоечката информатичката и комуникациска технологија, можноста за рационализација на организацијата и работните текови придонесува за оптимизирање на потрошувачката на ресурсите, како и подобрување на планирањето, развојот, евалуацијата и акредитацијата на извршените здравствени услуги на пациентите.

21. Специјалната болница во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија превзема мерки за воспоставување систем на договорно финансирање. Во таа насока во тек е усогласувањето и одобрувањето на изготвените Проекции и согледувања за приходите и расходите по намени за 2006, 2007 и 2008 година од страна на Фондот, согласно усвоените Процедури за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за буџетите на јавните здравствени установи.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 30.05.2006 година**

____________________

**Владимир Милојевиќ**

**Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ Охрид**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 33,810 | 24,938 |
| Трансфери и донации | 3.2 | 121,598 | 121,381 |
| **Вкупно приходи** | | **155,408** | **146,319** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1 | 65,452 | 61,633 |
| Стоки и услуги | 3.3.2 | 82,525 | 79,757 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **147,977** | **141,390** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4 | 3,266 | 2,569 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3,266** | **2,569** |
| **Вкупно расходи** | | **151,243** | **143,959** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **4,165** | **2,360** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **4,165** | **2,360** |

**Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ Охрид**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 6,708 | 6,759 |
| Побарувања | 4.1.2 | 22,539 | 52,698 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3 | 24,141 | 26,261 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4 | 31 | 280 |
| Побарувања од државата и други институции | - | 0 | 199 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 21,709 | 17,030 |
| Залихи | 4.1.6 | 21,441 | 19,433 |
| **Вкупно тековни средства** | | **96,569** | **122,660** |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Нематеријални средства | | 111 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | | 124,767 | 3,646 |
| Материјални средства | | 109,384 | 119,239 |
| Материјални средства во подготовка | | 7,639 | 7,639 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | | 223 | 246 |
| **Вкупно постојани средства** | | **242,124** | **130,770** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3 | **6,052** | **10,475** |
| **Вкупна актива** | | **344,745** | **263,905** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1 | 15,698 | 16,818 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2 | 51 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.3 | 539 | 547 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.4.4 | 353 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.5 | 4,556 | 4,523 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6 | 53,061 | 87,781 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **74,258** | **109,669** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 270,487 | 154,236 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **270,487** | **154,236** |
| **Вкупна пасива** | | **344,745** | **263,905** |

**Јавна здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо„ Охрид**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **134,803** | **19,433** | **154,236** |
| **Зголемување по основ на:** | **129,715** | **60,696** | **190,411** |
| Набавки | 1,705 | 60,625 | **62,330** |
| Донација | 105 | - | **105** |
| Амортизација од минати години | 41 | - | **41** |
| Корекции од мината година | 449 | - | **449** |
| Погрешна сметководствена евиденција | 5,763 | - | **5,763** |
| Вишок по попис | 16 | 71 | **87** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | 39 | - | **39** |
| Корекции по ревизија | 121,597 | - | **121,597** |
| **Намалување по основ на:** | **15,472** | **58,688** | **74,160** |
| Отпис на капитални средства | | - | **-** |
| Корекции по ревизија | 2,914 | - | **2,914** |
| Амортизација | 12,140 | - | **12,140** |
| Потрошок | | 52,856 | **52,856** |
| Расход по попис | 84 | 5,799 | **5,883** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | 334 | 33 | **367** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **249,046** | **21,441** | **270,487** |